## XIII РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

Опишете ги постоечките или предложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина по престанок на целата или дел од активноста, вклучувајќи мерки за грижа после затворање на потенцијални загадувачки резиденти.

**ОДГОВОР**

Оваа секција е опишана во Прилог XIII.

# ПРИЛОГ XIII

## XIII.1. Вовед

Макстил АД-Скопје произлегува од трансформацијата на ПОС Рудници и Железарница - Скопје во чија сопственост влегуваат:

- површина под згради .......... 152 993 $m^2$
- дворна површина .......... 266 772 $m^2$
- вкупна површина .......... 419 765 $m^2$

Податоците се земени од делбениот договор на ПОС Рудници и Железарница-Скопје.

Објекти изградени на локацијата на Макстил АД-Скопје се прикажани во табела XIII.1.

| РЕД. БР. | ОБЈЕКТ | ПОВРШИНА [ $m^2$ ] |
|---|---|---|
| 1. | Погон Челичарница | 64 755 |
| 2. | Погон Валавница за дебел лим | 78 000 |
| 3. | Мазутна станица | 93 |
| 4. | Управна зграда Челичарница со доградба | 1 526 |
| 5. | Управна зграда Валавница за дебел лим | 1 614 |
| 6. | Пумпна станица ПС-4 | 136 |
| 7. | Лимен хангар | 375 |
| 8. | Стрипер хала | 3 600 |
| 9. | Лимени бараки | 287 |
| 10. | Магацин за матерјали | 880 |
| 11. | Трафостаница ТС-17 | 184 |
| 12. | Трафостаница ТС-16 | 350 |
| 13. | Електро магацин | 64 |
| 14. | Работилница за електро одржување | 270 |
| 15. | Работилница за машинско одржување | 600 |
| 16. | Бункери за вар | 419 |
| 17. | Просторија за бункери за вар | 43 |
| 18. | Пумпна станица бр.3 | 311 |
| 19. | Таложник за индустриска вода | 2 732 |

Во оваа секција ќе биде прикажан пристапот, методологијата и техниките со кои Макстил АД-Скопје ќе ја доведе почвата и просторот во кој се наоѓа прифатлив за животната средина.

Планот на Макстил АД-Скопје за евентуален престанок со работа ќе ги опише активностите кои ќе бидат превземени по затворањето на компанијата за ремедијација на евентуалната контаминација произлезена од процесите на Макстил АД-Скопје.

Главните цели на Планот за евентуален престанок со работа на Макстил АД-Скопје се:

- Отстранување на потенцијалните загадувачките материи од локацијата на Макстил АД-Скопје;
- Ремедијација на почвата и подземните води од евентуалната контаминација произлезена од активностите на Макстил АД-Скопје;
- Отстранување на целиот отпад, непотребни постројки и опрема;
- Мерење на почвата и подземната вода и
- Чистење на зградите и локацијата.

Макстил АД-Скопје се обврзува да го почитува релевантното законодавство и барањата на МЖСПП кои ќе бидат на сила во време кога ќе бидат превземени активности за затворање (престанок со работа) на Макстил АД-Скопје.

### XIII.2. Суровини и репроматерјали

На локацијата на Макстил АД-Скопје не заостануваат големи количини на суровина и помошни матерјали. Во случај на затворање на компанијата, целокупната количина на суровина и помошните матерјали ќе се потроши, врати кај добавувачот доколку е можно или ќе се продаде. Производи во залиха не може да останат, бидејќи секој лим се прави според нарачка од купувачот.

### XIII.3. Постројки и опрема

По престанокот на исталацијата со работа, постројките и пратечката опрема ќе се демонтира, доколку има заинтересирани ќе се оттуѓи, во спротивно ќе се исече и продаде како старо железо.

Трансформаторите и кондензаторските батерии ќе се одложат и уништат согласно важечките закони и подзаконски акти на Р.Македонија.

### XIII.4. Згради и инфраструктура

Управните згради на погоните и придружните објекти, изградени од класичен градежен материјал, а производните хали се од челична конструкција.

Во случај на престанок со работа на Макстил АД-Скопје, ќе се настојува да се продаде инсталацијата во целост, а доколку тоа не е можно ќе се пристапи кон парцијална продажба и пренамена на објектите или кон нивно конзервирање и рушење.

Во случај на рушење на зградите, придружните објекти и производните хали, сметаме дека матерјалите од кои се изградени овие објекти не се опасни и немаат влијание врз животната средина. Градежниот шут ќе се одложи соодветно, согласно важечките закони и подзаконски акти на Р.Македонија, а челичната конструкција од производните хали ќе се демонтира и продаде како старо железо.

Инсталациите целосно ќе се испразнат од флуидите, соодветно очистат и ќе се постапи исто како со останатата челична конструкција.

Патиштата и колекторот за отпадни води со оглед на тоа дека се заеднички за целиот комплекс Железарница ќе останат во употреба за останатите правни субјекти.

### XIII.5. Неизградено земјиште

На дел од неизградено земјиште кое е сопственост на Макстил АД-Скопје, се наоѓа просторот за одложување на технолошкиот отпад (Халда). На овој простор се одложува следниот тип на отпад: троска, огноотпорен материјал и друг неопасен отпад.

Во случај на престанок со работа овој простор би се очистил од целокупниот отпад настанат од производните процеси на Макстил АД-Скопје.

***Ремедијацијата и грижата по престанок со работа ќе го следат преставници од Макстил АД-Скопје.***